| | |
|---|---|
| **Неделна тема** | Здрава храна, здрави деца |
| **Содржина на денот** | Играме, моделираме со тесто |
| **Возраст** | 3-4 години |
| **Воспитувач** | Валентина Дракшиќ |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Набројување на фактори кои го зајакнуваат здравјето (здрава храна, свеж воздух, сонце,дв ижење и вежбање ,одмор, сон и др.) и неколку причини за нарушување на здравјето. |
| **Активност** | Слушајте ја песната „Витамини” од детскиот фестивал-Поточиња 2004 год. https://www.youtube.com/watch?v=B2TLL5kTZLc<br>Поведете кус разговор за витамините кои се содржани во овошјето, набројте неколку типични овошја од нашето поднебје (круша,јаболко,грозје и др.).<br>Замесете со детето брашно, вода и сол и направете малку потврдо тесто, погодно за моделирање (слика бр.1). Потоа обликувајте овошје по желба (од некое дрво, скршете мали рачки со ливчиња и боцнете ги во моделираното овошје). Оставете да се исушат моделираните плодови, а потоа обојте ги со водени или темперни бои, во бојата на овошјето (јаболко, круша, грозје, слива и.т.н) (слика бр.2).<br>Направете од коцки,корпи за овошје и во нив чувајте ги моделите на овошје од тесто. |